Врз основа на член 22 став 1 и член 30 став 6 од Законот за иновациската дејност, а во врска со член 2 став 4 од Правилникот за заштитено внатрешно пријавување во институциите во јавниот сектор (Службен весник на Република Македонија бр. 46/16), Управниот одбор на Фондот за иновации и технолошки развој на седница одржана на 03.03.2021 донесе

# УПАТСТВО
# ЗА ЗАШТИТЕНО ВНАТРЕШНО ПРИЈАВУВАЊЕ НА ФОНДОТ ЗА ИНОВАЦИИ И ТЕХНОЛОШКИ РАЗВОЈ

*Општи одредби*

Член 1

Со ова Упатство се уредува начинот и постапката за заштитено внатрешно пријавување, правата на укажувачите, како и постапувањето и должностите на Фондот за иновации и технолошки развој (во натамошниот текст: Фондот) во врска со заштитено пријавување и обезбедувањето заштита на укажувачите.

Член 2

Ова Упатство за заштитено внатрешно пријавување се однесува на:

- лице кое има засновано работен однос на неопределено или определено време во Фондот;
- кандидат за вработување, кандидат за волонтер или практикант во Фондот;
- лице кое е или било волонтер или практикант во Фондот;
- лице кое по било кој основ е или било ангажирано за извршување на работа од Фондот;
- лице кое по било кој основ е или било во деловен однос или друг однос на соработка со Фондот.

*Начин и постапка за заштитено внатрешно пријавување*

Член 3

(1) Заштитено пријавување укажувачот го врши во Фондот, во случај кога укажувачот има сомневање или сознание дека е извршено, се врши или ќе се изврши казниво дело или друго незаконито или недозволиво постапување со кое се повредува или загрозува јавниот интерес.
(2) Укажувачот не е должен да ја докажува добрата намера и вистинитоста на пријавувањето од ставот (1) на овој член.
(3) На укажувачот му се обезбедува заштита согласно закон и му се гарантира анонимност и доверливост до степен и до момент до кои тој тоа го бара.

Член 4

(1) Директорот назначува овластено лице за прием на пријави доставени заради заштитено внатрешно пријавување (во натамошниот текст: овластено лице), на кое му обезбедува независност и непреченост во работата.

(2) Овластувањето особено содржи податоци за име и презиме, работно место и телефонски број на овластеното лице, поштенска адреса и адреса на електронска пошта за прием на пријави.

(3) Директорот, податоците од став 2 од овој член ги доставува до Државната комисија за спречување на корупција.

(4) Податоците од став (2) од овој член се објавуваат на веб страна на Фондот.

Член 5

Овластеното лице за прием на пријави од укажувачи е должно:

- да врши прием и заведување на пријавата, проценка на содржината од пријавата, известување до Директорот на Фондот, проследување на пријавата до лице во Фондот кое во зависност од областа на која се однесува пријавата е надлежно да постапува по истата;
- да ги почитува Законот за заштита на укажувачи, Правилникот за заштитено внатрешно пријавување во институциите во јавниот сектор и Упатството за заштитено внатрешно пријавување на Фондот;
- да ги заштити личните податоци на укажувачот, односно податоците кои можат да го откријат идентитетот на укажувачот кој бара да биде анонимен или пријавува доверливо, согласно со прописите за заштита на личните податоци;
- да го информира укажувачот кој е познат за преземените мерки во врска со пријавата без одлагање, а најдоцна во рок од 15 дена од денот на приемот на пријавата.

Член 6

(1) Заштитено внатрешно пријавување укажувачот го врши со пријава доставена во писмена форма лично или преку посебно поштенско или електронско сандаче или усно на записник до овластеното лице.
(2) Заведувањето на примената пријава, овластеното лице ја врши со ставање посебен приемен штембил и евидентирање во посебниот деловодник.
(3) Заради совпаѓање на податоците од усната пријава со содржината на записникот истиот го потпишуваат укажувачот и овластеното лице.
(4) Вака составениот записник се заведува како примена пријава и копија од истиот му се дава на укажувачот.
(5) Доколку пријавата е доставена во електронска форма, овластеното лице го печати записот со прилозите и го заведува како примена пријава.
(6) Доколку печатењето на прилозите е неекономично овластеното лице истите ги зачувува во електронска форма на посебен компјутер, за кои администраторот му доделува корисничко име и лозинка познати само нему.
(7) Документите поврзани со заштитеното внатрешно пријавување се чуваат заклучени во посебен за тоа изготвен ормар, кој се наоѓа во просторијата на Фондот.

Член 7

(1) Овластеното лице, истиот ден по приемот ја заведува пријавата со сите прилози, ја разгледува, проучува и врши проценка на нејзината содржина.

(2) Доколку овластеното лице утврди дека примената пријава не претставува, односно не се однесува на пријава од укажувач, става забелешка во предметот која ја евидентира во посебниот деловодник, задржува копија од предметот, а оригиналите (пријава и приложени документи) со пропратно писмо ги доставува до писарницата на надлежната институција, за што без одлагање го известува подносителот на пријавата доколку е познат.
(3) По преземените дејствија од став (2) на овој член овластеното лице го архивира предметот.

Член 8

(1) По приемот и заведувањето на пријавата, овластеното лице врши проценка на содржината на пријавата за да утврди дали истата е логична и разумна, дали претставува пријава од укажувач согласно Законот за заштита на укажувачи, како и дали пријавата содржи доволно елементи за да биде проследена на натамошно постапување.
(2) Врз основа на извршената проценка овластеното лице донесува заклучоци за понатамошно постапување по пријавата кои се однесуваат на надлежноста односно ненадлежноста на Фондот за постапување по пријавата каде е назначено и потребното преземање мерки за постапување по пријавата.
(3) Во вршењето на проценката од ставот (1) на овој член, овластеното лице може да побара дополнителни информации од укажувачот доколку е познат, како и да се консултира со други лица, а притоа да внимава на заштитата на идентитетот на укажувачот.
(4) За наводите од содржината на пријавата и заклучоците од ставот (1) од овој член овластеното лице без одлагање го известува Директорот на Фондот, освен доколку констатира дека пријавата е насочена против Директорот на Фондот.
(5) Доколку овластеното лице констатира дека наводите од содржината на пријавата посредно или непосредно се однесуваат на Директорот на Фондот, подготвува допис со кој пријавата со прилозите ги проследува до надлежните институции, за што без одлагање го известува подносителот на пријавата доколку е познат.

Член 9

(1) Доколку овластеното лице констатира дека по поднесената пријава надлежна да постапува е друга институција согласно закон, најдоцна во рок од 8 дена од денот на приемот и заведувањето на пријавата ја проследува до надлежната институција.
(2) За проследувањето на пријавата од став (1) на овој член овластеното лице го известува укажувачот.

Член 10

(1) Доколку овластеното лице по извршената проценка на пријавата констатира дека истата е логична, разумна и содржи доволно елементи за натамошно постапување донесува заклучок за понатамошно постапување по пријавата и истата ја проследува до лицето во Фондот кое во зависност од областа на која се однесува пријавата е надлежно да постапува по истата, откако претходно од пријавата ќе ги издвои личните податоци и податоците кои може да го разоткријат идентитетот на укажувачот доколку истиот барал да остане доверлив.
(2) Овластеното лице без одлагање, на барање на укажувачот ќе го извести за текот и преземените дејствија во постапката и ќе му овозможи увид во списите во предметот, по претходно издвојување на списите и информациите кои можат да имаат штетни последици за текот на постапката, за што го известува укажувачот.

Член 11

За примените пријави од укажувачи овластеното лице изготвува полугодишен извештај кој го доставува до Државната комисија за спречување на корупцијата.

*Заштита на податоците и идентитетот на укажувачот.*

Член 12

Заштита и тајност на личните и други податоци кои се однесуваат на укажувачи кои барале да бидат анонимни или на доверливи пријави од укажувачи, а кои можат да го откријат идентитетот на укажувачот , се врши согласно прописите за заштита на личните податоци, прописите за заштита на класифицирани информации и согласно Законот за заштита на укажувачи.

*Обезбедување заштита на укажувачот*

Член 13

(1) На укажувачот и на нему блиско лице им се обезбедува заштита од било каков вид на повреда на право или штетно дејствие или опасност од настапување на штетни дејствија заради извршеното заштитено внатрешно пријавување.

(2) Заштитата од ставот (1) на овој член се обезбедува од страна на Фондот со преземање дејствија да се спречи повреда на правата од работен однос или на кое било право и воздржување од дејствија со кои се повредува или загрозува било кое право на укажувачот заради извршеното пријавување.

(3) Доколку не е обезбедена заштитата од ставот (2) на овој член, укажувачот за ова пријавува во Државната комисија за спречување на корупцијата, Народниот правобранител на Република Северна Македонија, Инспекцискиот совет, Министерството за внатрешни работи и до Јавното обвинителство на Република Северна Македонија, кои по пријавата без одлагање постапуваат согласно со своите надлежности.

(4) Правото на заштитата од овој член се проширува да ги опфати и лицата кои ќе сторат веројатно дека оној кој е пријавен може да се сомнева дека извршиле пријавување против него.

Член 14

(1) Укажувачот има право на судска заштита пред надлежен суд согласно закон.

(2) Укажувачот може пред надлежен суд со тужба да побара:

- утврдување дека е преземено штетно дејствие или е повредено право заради укажување;
- забрана на вршење на штетно дејствие или повреда на право и повторување на штетно дејствие или повреда на право;
- поништување на акт со кое е извршено штетното дејствие или повреда на право;
- отстранување на последиците од штетно дејствие или повреда на право;
- надоместок на материјална и нематеријална штета.

Член 15

(1) Укажувачот има право на надомест на штета што може да ја претрпи тој или нему блиски лица поради заштитено внатрешно пријавување.

(2) Барањето за надомест на штета од ставот (1) на овој член се остварува со поднесување на тужба до надлежниот суд.

Член 16

(1) Злоупотреба на пријавувањето на укажувачот е свесно пријавување невистинити информации за физичко или правно лице со цел предизвикување на штетни последици за истото.

(2) Злоупотреба на пријавувањето на укажувачот е и доколку со должно внимание и совесно, до степен до кој тоа го дозволуваат околностите, не проверил дали тие се точни и веродостојни.

(3) Со утврдување на злоупотребата од ставовите (1) и (2) на овој член се губи заштитата обезбедена согласно Законот за заштита на укажувачи.

(4) Злоупотребата на пријавувањето на укажувачот поради која настанале штетни последици за физичкото или правното лице е основ за поведување на постапка за утврдување на негова одговорност согласно со закон.

*Преодни и завршни одредби*

Член 17

Ова Упатство влегува во сила од денот на донесување од страна на Управниот одбор на Фондот, а ќе се објави на огласната табла во Фондот за иновации и технолошки развој.

Бр. 01-956/7

Датум 03.03. 2021 година

Претседател на Управен одбор

Моника Јованова